**20190070107**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА НАБАВКАТА НА НОВИ АВТОБУСИ ЗА ГРАД СКОПЈЕ, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ И ЈАВНОТО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ

Се прогласува Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по договорот за заем за финансирање на набавката на нови автобуси за Град Скопје, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното сообраќајно претпријатие Скопје,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 8 јануари 2019 година.

Бр. 08-81/1
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА НАБАВКАТА НА НОВИ АВТОБУСИ ЗА ГРАД СКОПЈЕ, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ И ЈАВНОТО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем за финансирање за набавката на нови автобуси за град Скопје, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното сообраќајно претпријатие Скопје во износ од 10.000.000 ЕВРА, доколку Јавното сообраќајно претпријатие Скопје не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот се утврдуваат со Договор за заем од членот 1 од овој закон, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното сообраќајно претпријатие Скопје.

Член 3

Сите обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 од овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе ги врши Јавното сообраќајно претпријатие Скопје од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

Член 4

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е десет години, со вклучен грејс период од три години.

Каматната стапка е варијабилна и се состои од шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за маргина од 1%.

Јавното сообраќајно претпријатие Скопје ќе и плати на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во висина од 1% од износот на заемот.

Јавното сообраќајно претпријатие Скопје ќе и плаќа на Европската банка за обнова и развој провизија во висина од 0,5% од неповлечениот дел од заемот на годишно ниво.

Член 5

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем, Договорот за гаранција и Договорот за општинска гаранција, Министерството за финансии, градот Скопје и Јавното сообраќајно претпријатие Скопје ќе склучат посебен договор.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.